НАЦРТ

З А П И С Н И К
од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 март 2026 година

Скопје, март 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 март 2026 година

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафија Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука, м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Оливер Миланов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, Фисник Мела, градоначалник на Општина Дебар, Нуредин Фетаи, директор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, Димитар Димовски и Андреа Ѓошевска, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и м-р Марија Митева и Венера Љатифи-Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 153 седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 февруари 2026 година

1. Информација за спроведување на мерката за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

2. Информација за реализација на барањата, поднесени до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во текот на 2025 година, поврзани со пожарот што се случи во Клубот „Пулс“ во Кочани на 16 март 2025 година

3. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и шеснаесетта одлука)

4. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто дваесет и прва одлука)

5. Финансиски план и Инвестициона програма на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - ц.о. Скопје за 2026 година, со дополнување

6. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2026 година

7. Одлука за утврдување на висината на  вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2026 година, со Предлог – одлука

8. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување ,,Студенчица“ Кичево за 2026 година, со Предлог одлука

9. Бизнис план за 2026 година, инвестициони програми за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година, Финансиска програма за 2026 година и Петгодишен план за период од 2026-2030 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со Предлог-одлука

10. Информација за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2026 година, со дополнување

11. Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје за период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година, Годишна сметка за 2024 година и финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и со Предлог-одлука

12. Барање согласност на Листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кратово

13. Барање согласност на Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани

14. Предлог-листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес

15. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 12 февруари 2026 година до 18 февруари 2026 година

16. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 12 февруари 2026 година до 18 февруари 2026 година

17. Предлог-годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2026 година

18. Предлог - годишна програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2026 година

19. Предлог - програма за колекторски систем Охрид и Струга за 2026 година

20. Предлог - програма за заштита на природата за 2026 година

21. Информација за потребата од донесување на национален акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтски производи за 2026-2036 година, со Предлог- национален акциски план

22. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Кемал Али, ул. „Наум Веслиевски - Овчарот“ бр.31 Б, Ресен, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тодор Димов, ул. „Панде Дуганов“ бр.14 Гевгелија, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Јовановски ул. „Никола Карев“ бр.25, Росоман, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Анѓел Филипов, „Бул Македонија“ бр.30, Кавадарци, со Предлог-одлука

26. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Петар Ангелов, ул. „Партизанска“ бр.78, Демир Капија, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина–термоминерална вода на локалитетот „Банско“, Општина Струмица, со предлог-одлуки

28. Предлог–одлука за проширување на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец“, Општина Прилеп, на Акционерското друштво Мермерен комбинат АД Прилеп

29. Информација за склучување на Протокол за донација помеѓу Министерството за одбрана на Кралството Норвешка/Норвешки вооружени сили и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Протокол

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство

31. Предлог–програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2026 година

32. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2026 година

33. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2026 година

34. Информација за утврдување на можно решение за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

35. Иницијативи од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.178/2025 и У.бр.179/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 52 став 9 алинеја 4, член 56 став 5 во делот „констатира“, член 56, став 5, точка 3 и член 56, став 6 точка 2 од Законот за високото образование(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25)

36. Иницијативи од Климентина Ангелеска од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.181/2025 и У.бр.182/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 36 став (1) во делот „прво и второ новородено дете", став (2) и став (3) во деловите „прво и второ" и „доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) на овој член“ и член 38 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19)

37. Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.191/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33 став 2 во делот „вирусен хепатитис Б“ од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20)

38. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.175/2025 за поведување постапка за оценување уставност на: I. Делот

„стручен" од член 45 став 1 од Законот за високото образование(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25) и II. Поднасловот „Агенција за квалитет во високото образование" и насловот ,,АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ" на Одделот 3 од Глава петта заедно со членот 45 став 1 од Законот за високото образование(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25)

39. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.176/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на 1.Делот „а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови“ од член 49 став 4 и 2.1. Делот „реално направени трошоци“ и 2.2. Делот „врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа“ од член 49 став 8 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/2019, 178/2021, 58/2024 и 124/2025)

40. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.79/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста член 2 од Правилникот за времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита, како и Правилникот во целина („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/23 и 229/25)

41. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.197/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 21 - б став 2 во делот „Советот од ставот 2 на овој член од реченицата прва и „Советот“ од реченица втора на член 21 – б став, член 21 – б став 4 во делот „Советот", член 21 – б став 5 во делот „Советот за верификација од ставот 2" и член 21 – к став 3 во делот „Советот за спортот" од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.98/19, 244/19, 53/24, 170/24 и 59/25)

42. Иницијатива од Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, Македонско здружение на млади правници – МЗМП Скопје, Здружение за поддршка на лицата што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.203/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 4, 9 и 10 став (1) од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.160/25)

43. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.42/2025 од 22 октомври 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 20-а став 3 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/2007, 103/2008, 139/2009, 156/2010, 172/2012, 41/2014, 160/2014, 72/2015, 129/2015, 173/2015, 192/2015, 217/2015, 30/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/2023 и 59/2025)

44. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.42/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пехчево бр.42-822/1 од 16.2.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/16

45. Иницијатива од Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија - Скопје, Дебарско - кичевска православна епархија - Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.172/2025, за оценување на уставноста на член 35 став 2 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21, 111/23 и 208/24)

46. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.186/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 од Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/2025)

47. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.163/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 39 став 1 во делот ,,пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка” од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 53/11, 51/15 и 149/15)

48. Понуда од нотар Божидар Вангелов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишани во Имотен лист бр.133 и Имотен лист бр.904, за КО Нов Дојран, на КП бр.1956, викано место/улица „Нов Дојран“

49. Понуда од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.690/2024, за право на првенствено купување имот, каде како сопственик на земјиште се јавува Република Северна Македонија, запишан во Имотен лист бр.95087, за КО Охрид 2, на КП.бр.11189/1 и КП.бр.11203/1, викано место/улица „7 Ноември“

50. Акциски план за реализација на препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност – „Безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија“

51. Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија (Сметка - Основен буџет (660)), за квартал јули-септември 2025 година

52. Годишен извештај за работата на Државниот испитен центар за 2025 година, со Годишен финансиски извештај за 2025 година

53. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јули 2025 до 30 септември 2025 година

54. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за третиот квартал од 2025 година

55. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје за периодот 1 јули – 30 септември 2025 година

56. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за периодот април – јуни 2025 година и Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за периодот јули – септември 2025 година

57. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

60. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Основното училиште со ресурсен центар д-р Златан Сремец – Скопје

61. Информација за обврската за зголемување на користењето на Електронскиот пазар за набавки од мала вредност согласно со Реформската агенда во рамките на Планот за раст

62. Информација за барање на WBIF Грант за техничка помош за изготвување на техничка документација за имплементација на наодите од „Студијата за прилив и инфилтрација“ (In-flow and Infiltration Study) во канализационата мрежа на Град Скопје како обврска од проектните договори во Проектот за „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје“, со План за реализација

63. Информација за предавање на недвижност во владение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука

64. Информација за состојбата со африканска чума кај свињите

65. Бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2026 година, со предлог – одлуки

66. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2026 година
67. Барање за итна поддршка поради ризик од одрон на камења на влезот во селото Горно Косоврасти - Дебар

68. Информација за одржување на Првата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република

69. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2026 година, со Предлог-одлука

70. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

71. Информација за потребата за трансфер на средства од редовната сметка на Министерството за европски прашања кон донаторската сметка на проектот Поддршка на управувањето со ЕУСАИР за подобрена соработка (ЕУСАИР механизам за поддршка)

72. Предлог-одлука за определување на институциите чии претставници се дел од работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија

73. Предлог-одлука за откажување на Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино, издадена на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „МАКОТЕН“ ДООЕЛ Гевгелија бр.41-11532/3 од 12.11.2024 година

*

*         *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 февруари 2026 година.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на мерката за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот со Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на барањата, поднесени до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во текот на 2025 година, поврзани со пожарот што се случи во Клубот „Пулс“ во Кочани на 16 март 2025 година, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да достави до Владата предлог - одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, кои ќе се користат како одобрен план во Раздел 04002 - Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи во Извадокот, донесен на Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 февруари 2026 година по Информацијата за обезбедување на логистичка поддршка и организација на Конференцијата за институционални и клинички аспекти и решенија по пожарот во Кочани, една година подоцна, точката 1 да се измени и да гласи:

„1. Се задолжува Бирото за јавни набавки да даде согласност на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас за јавна набавка за стоки и услуги или работи согласно член 55 став 1 точка г) од Законот за јавните набавки(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/21 и 14/25), за организација на овој настан.“.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и шеснаесетта одлука).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто дваесет и прва одлука).

**Точка 5**

Владата ги разгледа Финансискиот план и Инвестиционата програма на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - ц.о. Скопје за 2026 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на  вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2026 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на  вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2026 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување ,,Студенчица" Кичево за 2026 година, со Предлог одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево за 2026 година.

**Точка 9**

Владата ги разгледа Бизнис планот за 2026 година, инвестиционите програми за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година, Финансиската програма за 2026 година и Петгодишен план за период од 2026-2030 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Бизнис-планот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2026 година (доколку Бизнис-планот технички е усогласен со Министерството за финансии).

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје за 2026 година, со дополнување, поради потребата текстот на материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 11**

Владата ги разгледа Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје за период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година, Годишната сметка за 2024 година и финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за работата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ-Скопје за 2024 година.

**Точка 12**

Владата го разгледа Барањето согласност на Листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кратово и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кратово

**Точка 13**

Владата го разгледа Барањето согласност на Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани и да даде согласност на Листата за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог-листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес и даде согласност на Листата.

**Точка 15**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 12 февруари 2026 година до 18 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 12 февруари 2026 година до 18 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 18**

Владата ја донесе Годишната програмата за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2026 година.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за колекторски систем Охрид и Струга за 2026 година.

**Точка 20**

Владата ја донесе Програмата за заштита на природата за 2026 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на национален акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтски производи за 2026-2036 година, со Предлог-национален акциски план, ја усвои Информацијата и го донесе Националниот акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтски производи за 2026-2036 година.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Кемал Али, ул. „Наум Веслиевски - Овчарот“ бр.31 Б, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тодор Димов, ул. „Панде Дуганов“ бр.14 Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Јовановски ул. „Никола Карев“ бр.25, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Анѓел Филипов, „Бул Македонија“ бр.30, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Петар Ангелов, ул. „Партизанска“ бр.78, Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапките за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина–термоминерална вода на локалитетот „Банско“, Општина Струмица, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3214” с. Банско, Општина Струмица, на Биљана Грковска.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3214” с. Банско, Општина Струмица, на Биљана Грковска, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

3. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3222/3” с. Банско, Општина Струмица, на Ванчо Литајковски.

4. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3222/3” с. Банско, Општина Струмица, на Ванчо Литајковски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

5. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3224” с. Банско, Општина Струмица, на Јана Стаменова.

6. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3224” с. Банско, Општина Струмица, на Јана Стаменова, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

7. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3233/1” с. Банско, Општина Струмица, на Јован Шаренковски.

8. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3233/1” с. Банско, Општина Струмица, на Јован Шаренковски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

9. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 2661” с. Банско, Општина Струмица, на Ѓорѓи Чамовски.

10. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина –

термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 2661" с. Банско, Општина Струмица, на Ѓорѓи Чамовски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

11. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3197" с. Банско, Општина Струмица, на Васил Златковски.

12. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3197" с. Банско, Општина Струмица, на Васил Златковски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

13. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3229" с. Банско, Општина Струмица, на Снежана Бансколиева.

14. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3229" с. Банско, Општина Струмица, на Снежана Бансколиева, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

15. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3213" с. Банско, Општина Струмица, на Славчо Шаренковски.

16. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3213" с. Банско, Општина Струмица, на Славчо Шаренковски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

17. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 2636" с. Банско, Општина Струмица, на Јордан Пелтечки.

18. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 2636" с. Банско, Општина Струмица, на Јордан Пелтечки, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

19. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3223" с. Банско, Општина Струмица, на Борис Малчев.

20. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3223" с. Банско, Општина Струмица, на Борис Малчев, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

21. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3222/1" с. Банско, Општина Струмица, на Стојан Мицевски.

22. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3222/1" с. Банско, Општина Струмица, на Стојан Мицевски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

23. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3228/2" с. Банско, Општина Струмица, на Ѓорги Вучков.

24. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3228/2" с. Банско, Општина Струмица, на Ѓорги Вучков, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

25. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетотКО Банско „КП 2654" с. Банско, Општина Струмица, на Лазо Андонов.

26. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 2654" с. Банско, Општина Струмица, на Лазо Андонов, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

27. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3211/1" с. Банско, Општина Струмица, на Зоран Димовски.

28. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3211/1" с. Банско, Општина Струмица, на Зоран Димовски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

29. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3238/1" с. Банско, Општина Струмица, на Здравствената установа АД Цар Самуил с. Банско Струмица.

30. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3238/1" с. Банско, Општина Струмица, на Здравствената установа АД Цар Самуил с. Банско Струмица, имајќи ги предвид негативните мислења од Општина Струмица и Министерството за култура и туризам.

31. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3230/2" с. Банско, Општина Струмица, на Горан Грковски.

32. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3230/2" с. Банско, Општина Струмица, на Горан Грковски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

33. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3230/3" с. Банско, Општина Струмица, на Ванчо Грковски.

34. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3230/3" с. Банско, Општина Струмица, на Ванчо Грковски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

35. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3230/1" с. Банско, Општина Струмица и КО Банско „КП 2658" с. Банско, Општина Струмица, на Киро Грковски.

36. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот КО Банско „КП 3230/1" с. Банско, Општина Струмица и КО Банско „КП 2658" с. Банско, Општина Струмица, на Киро Грковски, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Струмица.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец", Општина Прилеп, на Акционерското друштво Мермерен комбинат АД Прилеп.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Протокол за донација помеѓу Министерството за одбрана на Кралството Норвешка/Норвешки вооружени сили и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Протокол и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Кралството Норвешка/Норвешки вооружени сили и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

2. Се овластува Крсте Малинковски, директор на Директоратот за меѓународна соработка со овластување да го потпише Протоколот за донација помеѓу Министерството за одбрана на Кралството Норвешка/Норвешки вооружени сили и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2026 година.

**Точка 32**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 33**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на можно решение за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја усвои и го задолжи Министерството за дигитална трансформација, во рок од 90 дена, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 35**

Владата ги разгледа иницијативите од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.178/2025 и У.бр.179/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 52 став 9 алинеја 4, член 56 став 5 во делот „констатира“, член 56, став 5, точка 3 и член 56, став 6 точка 2 од Законот за високото образование(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25) и притоа го утврди следното мислење:

Од страна на Уставниот суд до Владата на Република Северна Македонија доставени се две иницијативи со кои се оспорува Уставноста на одредби од Законот за високото образование и тоа У.бр.178/2025 и У бр.179/2025.

Со Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста се оспорува алинејата 4 од став 9 на членот 52 од Законот за високото образование.

Согласно член 52 став 9 алинеја 4 од Законот за високото образование (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19, 178/21 и 58/24 и 124/25), мандатот на членот на Одборот за евалуација престанува во следните случаи: - ако членот на Одборот за евалуација стапи на должност или функција која е неспоива со функцијата член на Одборот за евалуација, согласно закон или Оспорената одредба упатува на тоа да меѓу останатите основи, на мандатот на член на Одборот за евалуација престанува и кога ќе стапи на должност или функција која е неспоив со функцијата член на Одборот за евалуација, согласно закон.

Во истата се наведува дека во правниот поредок не постои посебен закон со кој се пропишува кои се тие должности или функции која се или би можеле да се сметаат за неспоиви со функцијата член на Одборот за евалуација кое нешто доведува до тоа да се воспостави неизвесност во правниот поредок дали еден или повеќе членови отпочнале да извршуваат должност или функции кои се или би можеле да се сметаат за неспоиви со членството во Одборот на евалуација.

При тоа, во Законот за високото образование, за член на Одборот за евалуација постои како основ да му престане мандатот како во оспорениот дел од одредбата од членот 52 став 9 алинеја 4, за претседателот на Одборот за евалуација не постои таков основ. Претседателот на Одборот

за евалуација пред да биде избран за таков, е член на одборот, а со оглед дека се избира од редот на членовите на тој одбор и предвид фактот дека во Законот за високото образование не постои ограничување во однос на неговиот глас при донесување на одлука што подразбира дека, и откако ќе стапи на должноста претседател на Одборот за евалуација сепак ќе го дава својот глас „ЗА„ или ,,ПРОТИВ" одредена одлука, со тоа што за истиот не се пропишуваат основи за престанок на мандатот на претседателот на Одборот за евалуација, истиот е ставен во поповластена положба од членот на Одборот за евалуација кое нешто не е во согласност со членот 9 од Уставот.

Во Иницијативата се оспорува алинеја 4 од став 9 на член 52 од Законот за високото образование, која предвидува дека „Мандатот на членот на Одборот за евалуација престанува ... ако членот на Одборот за евалуација стапи на должност или функција која е неспоива со функцијата член на Одборот за евалуација, согласно закон.“. Поднесувачот на Иницијативата тврди дека оваа одредба е недоречена (не постои посебен закон што ги набројува тие функции) и создава неизвесност, како и дека се врши повреда на Уставот (член 9) бидејќи претседателот на Одборот нема идентичен основ за престанок на мандатот како обичните членови.

Во Законот за високото образование се воспоставени специфични ограничувања за членовите на Одборот за евалуација. На пример, во член 52 став 4 се наведува дека „Членови на Одборот за евалуација не можат да бидат лица избрани за ректор или проректор на универзитет, декан или продекан на факултет... член на Националниот совет или член на Одборот за акредитација“. Овие ограничувања ја зајакнуваат независноста на Одборот - суштинска вредност во системот за обезбедување квалитет - согласно член 8 од Уставот (принцип на владеење на правото) и член 52 став 8 на Законот (членовите се независни и самостојни).

Во Законот недостасува експлицитно набројување на сите можни неспоиви функции, но тоа не е уставен пропуст. Напротив, правилата за неспоивост се утврдени во повисок ранг - во Уставот и другите закони. Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси изрично пропишува дека секој именуван или избран функционер „е должен да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите“. Со други зборови, колку што Уставот и законите одделно определуваат неспоиви функции (на пример, избирање во законодавен и вршење извршна должност), така и оваа норма упатува на примената на тие општи правила. Понатаму, веќе наведениот член 52 став 4 детерминира дел од таа неспоивост со оглед на улогата на Одборот за евалуација. Дополнително, поимањето „согласно закон“ е усогласено со одредбата од Законот за спречување на корупцијата (член 44).

Следствено, тврдењето во Иницијативата дека не постои „посебен закон“ со кој се дефинираат тие функции не ја прави спорната одредба неделовна или нејасна. Всушност, законодавецот намерно се повикува на општиот принцип на неспоивост: ако некое друго законско решение прогласи одредена позиција за неспоива, членот автоматски ја губи функцијата во Одборот. Ваквото упатување на „согласно закон“ е во согласност со принципот дека носителот на јавна функција мора да постапува во согласност со Уставот и законите, особено кога се работи за судир на функции.

Позицијата на претседателот и егалитарноста на третманот:
Во Иницијативата се тврди дека претседателот на Одборот би бил во привилегирана положба, затоа што не му се предвидува посебен основ за престанок на мандатот слично на обичните членови. Меѓутоа, претседателот на Одборот по изборот станува еден од членовите - т.е. не престанува да биде член на Одборот за да стане претседател. Со други зборови, кога лице од редот на членовите ќе се избере за претседател на Одборот за евалуација, тоа лице и натаму е член на Одборот со сите права и обврски. Законот посебно го уредува изборот на претседателот:

тој се избира на двегодишен мандат, без право на повторен избор. Тоа значи дека улогата на претседателот е временска и ограничена по сила на закон, а не непрекината и неизменлива.

Покрај тоа, одредбите за престанок на мандатот во член 52 став 9, кои се однесуваат на „членот на Одборот", се применливи на сите членови, без разлика дали во моментот се претседател или не. Имено, претседателот е едноставно член на Одборот што ја врши претседателската функција; ниту една од наведените причини не го исклучува од таа категорија. Така, ако претседателот, како член, ја загуби својата статусна основа (на пр., се пензионира од универзитет) или преземе друго неспоиво звање, тој подлежи на истата последица - престанок на мандатот - според член 52 став 9, алинеја 3 и алинеја 4. Исто така, ако претседателот подолго време ги запостави обврските, одредбата за бездејствието од шест месеци ќе важи подеднакво за него.

Следствено, од аспект на третманот нема уставна разлика помеѓу претседател и редовен член. И двајцата подлежат на истите основи за престанок на мандатот, единствената разлика е начинот на избор и времетраењето на мандатот, што е законски уредено за сите претседатели (2 години, без повторно именување). Тоа не претставува недозволена поволност. Напротив, со таа норма законодавецот гарантира континуитет и независност на Одборот - претседателот има фиксен, неповторлив мандат, што ја избегнува ситуацијата да истиот член продолжува да ја одделува титулата претседател неопределено долго.

Член 9 од Уставот гарантира дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во своите слободи и права... Сите граѓани се еднакви пред Уставот и законот". Овој принцип забранува поволности или дискриминација според пол, религија, имот или друг статус. Меѓутоа, тој не значи дека секоја разлика во правната регулатива на функционери е автоматски неуставна. Законот смее да третира поинаку различни категории јавни службеници, доколку за тоа постои оправдана професионална потреба или цел на уредување. Во конкретниот случај, разликата меѓу редовниот член и претседателот не е поставена по каков било личен статус, туку произлегува од организационите мерки на Одборот. Претседателот продолжува да биде член, па сите основи за престанок на мандатот во став 9 се применливи на него. Со тоа не се создава ниту формална, ниту суштинска привилегирана положба.

Имено, предусловот претседателот и натаму да гласа „за" или „против" одлуки на Одборот (како што истакнува Иницијативата) е показател дека тој не поседува дополнителна власт или повластен статус: тој го врши истиот колективен процес како другите членови. Член 9 не забранува разлика во третманот на носители на различни функции, особено ако таа разлика е мотивирана со општ интерес (во овој случај - стимулација на ефикасно и независно работење на Одборот). Законската клаузула за престанок на мандат поради несоодветен статус ја штити токму оваа вредност. Со оглед на горенаведеното, тврдењето дека член 52 став 9 алинеја 4 содржи уставно недозволени поволности во поглед на член 9 не е основано.

По претставената правна анализа, се констатира дека алинеја 4 од став 9 на член 52 во Законот за високото образование е уставно оправдана. Таа се темели на општоправната обврска за неспоивост на функции и е поддржана со конкретни ограничувања кои ја штитат независноста на Одборот. Нема разлика во третманот по член 9 на Уставот, бидејќи претседателот е опфатен од истите норми како и другите членови, а нови услови за престанок на мандатот немаат повеќе привилегии туку, напротив, го обезбедуваат интегритетот на статусот. Иницијативата да се оцени оваа одредба како неуставна е неоснована. Оттука, треба да се утврди дека алинеја 4 од став 9 на член 52 е во согласност со Уставот.

Со Иницијативата за поведување на постапката за оценување на уставност У бр.178/2025 се оспорува членот 56 став 5, како и точка 3 став 5 на членот 56 и точка 2 став 6 од член 56 од Законот за високото образование.

При тоа се наведува дека во изборот или именувањето и разрешувањето на директорот на Агенцијата удел има Собранието на Република Северна Македонија, со што со констатирањето дека му престанал мандатот на директорот на Агенцијата за квалитет, а со тоа и функцијата, за потребно е да биде со исклучива надлежност на Собранието. Во одредбите од Законот за високото образование попрецизно не се пропишува дали одлуката со која се констатира дека мандатот на директорот на Агенцијата престанат откако Собранието или некое друго надлежно тело во постапката и начин пропишани со закон настапиле некои од условите од точка 1-3 ставот 5 на членот 56 од Законот за високото образование.

Воедно се наведува дека во состојба кога одредбата од членот 56 став 5 точка 3 од законот е преопшто определена, недоволно прецизна и нејасна и како таква не е обезбедува правна сигурност, како еден од сегментите на владеењето на правото и истата е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот. Во тој контекст дека одредбата од членот 56 став 6 точка 2 се наведува дека е недоволно јасна и непрецизна. Од тука се наведува дека во Законот за високото образование не се пропишуваат попрецизно случаите кога ќе се смета дека директорот нестручно и несовесно ја вршел функцијата, кој го поднесува предлогот со кој би се утврдило нестручното и несовесно вршење на функцијата и органот кој би ја донел одлуката со која се утврдува нестручното и несовесно вршење на функцијата и која одлука треба да е основ за разрешување на директорот на Агенцијата за квалитет, останува на диспозицијата да се толкува на начин кој би ја довел во прашање правната сигурност која е составен дел на владеењето на правото пропишано со Уставот.

Со втората Иницијатива, членот 56 од Законот за високото образование ги уредува условите под кои престанува мандатот на директорот на Агенцијата за квалитет и постапката за негово разрешување.

Со иницијативите оспорени се следните одредби:
• „Член 56 став 5: Претседателот на Собранието на Република Македонија“ констатира дека мандатот на Директорот на Агенцијата за квалитет престанал кога:
1. Поднел оставка,
2. Е именуван или избран на функција или должност која е неспојлива со функцијата директор на Агенцијата или
3. Со правосилна судска пресуда му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност.“

• Со изразот „Претседателот на Собранието констатира“ се предвидува кој официјално утврдува престанок на мандатот на директорот при исполнување на опишаните услови (поднесена оставка, нова именување, судска забрана за дејност итн.). Во точка 3 пак, се наведува дека мандатот престанува „со правосилна судска пресуда му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност“.

• Член 56 став 6, точка 2: Ги дефинира основите за разрешување (поради „нестручно и несовесно вршење на функцијата“).

Наспроти општо познатите правни принципи (правна сигурност и владеење на правото, утврдени со уставниот член 8 став 1 алинеја 3), овие одредби се наведуваат како недоволно прецизни и јасни.

• „Констатирањето“ како форма на институционална постапка: Законодавецот јасно одредил дека Собранието преку својот претседател ги потврдува условите за престанок на мандатот. Ова всушност е форма на формално утврдување - доколку Собранието (преку претседателот или со гласање) веќе ги утврдило фактите, правно-прогласувањето може да го изврши претседателот на Собранието. Такви процедури (како што е потпишување на протокол или констатација по

усвоена одлука) се составен дел на парламентарната пракса и не се исклучени со Уставот. Оттука, изразот „констатира“ може да се толкува како законски формализиран чин врзан за делување на претседателот по претходно донесена одлука. Ова значи дека во реалност Собранието веќе има надлежност (со издавање на одлука или гласање), а „констатирањето“ е технички чин.

• Конкретност на „мерката забрана“: Во Иницијативата вели дека ова е „преопшто“ утврдување, но во Законот не се наведува кој вид на „мерка забрана“. Бидејќи мерката е јасно утврдена со закон, не постои нејаснотија што е „мерка забрана“. Тоа е изречена судска санкција. Уставниот суд дури констатирал дека условот лицето да не е осудено на таква мерка е „целосно оправдано и законито“. Значи, барањето на законот за непостоење таква судска забрана како предуслов за функцијата е легитимно и јасно. Овој услов го штити јавниот интерес (безбедност на институцијата) и не е во спротивност со уставот.

• Терминот „несовесно“ и законска рамка: Потребата да биде предвидено разрешување поради „нестручно и несовесно вршење“ не е без преседан - слични термини се употребуваат и во други закони (на пр. за државни обвинители). Иако не е детално дефинирано, правната сигурност може да се обезбеди преку интерпретација на нормата низ судска пракса. Собранието ги дефинира конкретните случаи (по предлог на Комисија, при што Комисијата за избори веќе предлага разрешување). Бидејќи сепак постојат обиди (на пр. преку Комисија на Собранието) да се даде формален ред при оценување на „несовесност“, законските одредби не се апсолутно празни - зад нив стои практичен механизам. Од ова гледиште, законодавецот утврдил рамка. Бројни компетенции му припаѓаат токму на Собранието (на пр. именување/разрешување).

Според овој став, судот треба да ја уважи легитимноста на содржината на член 56. Се смета дека правната несигурност што се наведува во Иницијативата е занемарлива, бидејќи членот 8 став (1) и став (3) (владеењето на правото) исто така гарантира слободно дејствување се додека тоа не е забрането (изречено). Во конкретниот Закон, нема забранувачки одредби што водат кон неаргументирано оневозможување на право, туку обратно - збир од критериуми.

Наведените анализи покажуваат дека ниту едно од оспорените прашања не е спротивно на Уставот или на начелото на владеење на правото. Поради тоа, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на иницијативите од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.178/2025 и У.бр.179/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 52 став 9 алинеја 4, член 56 став 5 во делот „констатира“, член 56, став 5, точка 3 и член 56, став 6 точка 2 од Законот за високото образование(*)(„Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25).

## <u>Точка 36</u>

Владата ги разгледа иницијативите од Климентина Ангелеска од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.181/2025 и У.бр.182/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 36 став (1) во делот „прво и второ новородено дете", став (2) и став (3) во деловите „прво и второ" и „доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) на овој член“ и член 38 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите во иницијативите за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 36 став (1) во делот „прво и второ новородено дете“, став (2) и став 3 во делот „прво и второ“ и „доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) од овој член“ и на член 38 став (3) од Законот за заштита на децата, поднесена до Уставниот суд на

Република Северна Македонија во која се наведува дека „овие законски одредби се во спротивност со одредбите на членовите 3, 4, 6, 12 и 14 став (2) од Законот за заштита на децата и на членовите 9, 42 и 54 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија" се неиздржани и неосновани во целост.

Посочените одредби не се во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија.

Во одредбата од членот 36 од Законот за заштита на децата се наведува дека „еднократна парична помош за новороденче се обезбедува на семејство за прво и второ новородено дете.

Согласно ставот (2), за прво и второ новородено дете се смета дете кое е прво и второ живородено дете по ред на раѓање на мајката, кој редослед се утврдува на ист начин кога мајката ќе роди повеќе деца одеднаш. Согласно ставот (3) од истиот член, за прво и второ новородено дете ќе се сметаат и посвоените деца, на возраст до една година, доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) на овој член.".

Согласно член 38 став (3) од Законот за заштита на децата „правото на родителски додаток за дете се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на правото и во текот на користењето на правото е понизок од висината на минималната нето плата утврдена за претходната година.“.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 42 од Уставот на Република Северна Македонија, Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица. Лице помладо од 15 години живот не може да биде вработено. Малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа. Малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

Согласно член 54 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Имено, со посочените одредби од Законот за заштита на децата не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на државата и тоа: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, бидејќи право на законодавецот е да утврди услови и начин за остварување и користење на правото. Оттаму, токму условите, начинот и обемот на правата се уредуваат со закон. Во таа насока, со Законот за заштита на децата се уредува обезбедувањето на правата од заштитата на децата, условите и постапката за нивното остварување. Притоа, правата од областа на заштитата на децата под услови утврдени со овој закон, ги обезбедува државата, а поголем обем на правата на семејството, бидејќи целта на социјалната политика е поддршка и заштита на социјално загрозените семејства.

Владата на Република Северна Македонија информира дека до Уставниот суд на Република Северна Македонија од адвокат Христијан Георгиевски од Куманово и адвокат Христина Георгиевска од Куманово, беше поднесена Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 38 став (3) од Законот за заштита на децата, при што Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2022 година, донесе

Решение У.бр.112/2021 со кое НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 38 став (3) од Законот за заштита на децата.

Од наведените причини се смета дека предметните иницијативи се неосновани, а оспорените одредби од Законот за заштита на децата не се во спротивност на членовите 3, 4, 6, 12 и 14 став (2) од Законот за заштита на децата и на членовите 9, 42 и 54 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ги прифати предметните иницијативи, односно да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 36 став (1) во делот „прво и второ новородено дете“, став (2) и став (3) во деловите „прво и второ“ и „доколку мајката нема новородено дете во смисла на ставот (2) од овој член и на член 38 став (3) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25).

**<u>Точка 37</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.191/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33 став 2 во делот „вирусен хепатитис Б“ од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 33 став 2 во делот „вирусен хепатитис Б“ од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), кој гласи:

„Имунопрофилакса се спроведува со вакцини (вакцинација) или со примена на специфични имуноглобулини (серопрофилакса).

Вакцинацијата е задолжителна за сите лица од определена возраст против туберкулоза, дифтерија, тетанус, голема кашлица, детска парализа, мали сипаници, црвенка, заушки, хемофилус инфлуенца тип Б (Хиб), вирусен хепатитис Б и хуман папилома вирус (ХПВ).

Вакцинација по епидемиолошки индикации се спроведува против тетанус, вирусен хепатитис Б, беснило, жолта треска, цревен тифус, грип и менингококов менингитис.

Вакцинација по епидемиолошки индикации се спроведува како:
1. Имунизација на експонирани работници на одредени заразни болести;
2. Имунизација на експонирани лица по епидемиолошки индикации;
3. Имунизација по клинички индикации и
4. Имунизација на патници во меѓународен сообраќај.

Трошоците за вакцинација од став 4 точка 1 на овој член се на товар на работодавачот.

Трошоците за вакцинација од став 4 точка 4 на овој член се на товар на лицето кое патува.

Здравствените установи се должни да обезбедат вакцинација од став 4 точки 2 и 3 на овој член.

Министерот, на предлог на Комисијата за заразни болести, може да одреди вакцинација и за други заразни болести.“

2. Според подносителот на Иницијативата, оспорениот дел од членот 33 од Законот е спротивен на член 39 од Уставот на Република Северна Македонија, кој гласи:
„На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.
Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.“

Во образложението на Иницијативата, подносителот наведува дека оспорениот дел од одредбата кој се однесува на вирусен хепатитис Б не е во согласност со Уставот бидејќи децата во огромно мнозинство од нив не се во ризик од хепатитис Б, болест која најчесто се пренесува сексуално или преку валкани игли, но затоа ризикот од самата вакцина, не е како што се тврдело комплетно безбедно, нешто што ни самите фармацевтски компании не го тврделе.

При ова, подносителот се повикува на изјави на Претседателот на САД, Доналд Трамп, министерот за здравство на САД Роберт Кенеди Помладиот и на одлука на советодавниот Комитет за практики на имунизација при Центарот за контрола и превенција од заразни болести на САД, со која се препорачува да се отстрани вакцината за вирусен хепатитис Б од федералниот календар за имунизација, како една од препорачаните вакцини кои треба да ги примаат децата како задолжителна и истите понатаму да се даваат исклучиво по индикација, со разговор помеѓу докторот и пациентот со целосно објаснување за придобивките и ризиците од истата.

Исто така, подносителот на Иницијативата наведува дека оспорениот дел од членот од Законот не е во согласност со член 39 од Уставот, заради зголемениот ризик од аутизам, повикувајќи се на изјава на актуелнот министер за здравство на САД.

Оттука, подносителот на Инцијативата смета дека член 33 став 2 во делот „вирусен хепатитис Б“ од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), не е во согласност со членот 39 од Уставот.

3. Во однос на оспорениот член 33 став 2 во делот „вирусен хепатитис Б“ од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20) и наводите од подносителот на Иницијативата за причините заради кои смета дека истиот е неуставен, треба да се има предвид дека согласно ставот на Комисијата за заразни болести во Република Северна Македонија, вакцината за вирусен Хепатитис Б е воведена во 2005 година, како дел од задолжителниот календар за имунизација.

Тоа значи дека популацијата родена пред 2005 година, која е сега на 21 година и постара, не се вакцинирани со оваа вакцина (барем не според задолжителна обврска).

Меѓу таа популација се девојки и идни мајки кои се во репродуктивен процес и кои не се заштитени од хепатитис Б, а кај кои не е задолжителен скрининг за ова инфективно заболување во тек на бременоста.

Тоа значи дека таа трудница/идна мајка не знае дали е носител на хепатитис Б вирусот, кој може да биде пренесен кај новороденчето кое со тоа ќе биде изложено на сериозен здравствен проблем.

Оттука е неопходно новороденчето да прими хепатитис Б вакцина како би го заштитиле од оваа инфективна болест која може да резултира и со сериозни здравствени состојби како карцином на хепарот.

Здравствените работници кои поради природата на нивната работа се во зголемен ризик од заразување со хепатитис Б инфекција, а кои не се вакцинирани, може да бидат ризик од пренесување на оваа инфекција и кај новороденчињата.

Оттука, ставот на Комисијата за заразни болести е дека во Република Северна Македонија потребно е вакцинацијата за новороденчиња да остане како задолжителна според предвидениот редовен календар на имунизација.

Согласно претходното, секоја држава самостојно врз основа на условите во таа држава одлучува за тоа кои вакцини и на кој начин ќе бидат предвидени како задолжителни заради заштита на населението од заразни болести.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 33 став 2 во делот „вирусен хепатитис Б“ од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.175/2025 за поведување постапка за оценување уставност на: I. Делот „стручен" од член 45 став 1 од Законот за високото образование(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25) и II. Поднасловот „Агенција за квалитет во високото образование" и насловот ,,АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ" на Одделот 3 од Глава петта заедно со членот 45 став 1 од Законот за високото образование(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 178/21, 58/24 и 124/25) и притоа го утврди следново мислење:

Иницијативата ја оспорува законската одредба според која „Агенцијата за квалитет во високото образование… е самостоен стручен орган“, како несоодветна на Уставот. Меѓутоа, оваа одредба е во целост усогласена со уставните норми и законските прописи за државната управа. Прво, Уставот на Република Северна Македонија јасно утврдува дека Република Северна Македонија е уставна демократија со владеење на правото. Принципот на владеење на правото (член 8) подразбира дека сите јавни институции – вклучително и начините на организирање на државната управа – мора да делуваат според закон и устав. Во согласност со тоа, Уставот во член 95 став 1 предвидува дека државната управа ја сочинуваат „министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон”. Со други зборови, Законодавниот дом има уставна утврдена надлежност да донесува закони, да основа државни органи (вклучително и агенции), со посебен закон и тоа во согласност со начелото на уставната поделба на власта и владеење на правото. Членот 45 став 1 од Законот за високото образование токму така постапува – со закон ја основа Агенцијата за квалитет во високото образование како државен орган, определувајќи ги нејзината организациона форма и надлежности и така ја почитува уставната рамка.

Законска рамка и организација на државната управа
Законот за организација и работа на органите на државната управа детално ги уредува видовите државни органи (член 5). Според таа одредба, органите на државната управа се основаат како:
- Министерства;
- Други органи на државната управа;
- Управни организации;

при што секоја од овие категории има своја организациона природа. Во делот „други органи на државната управа“, во член 5 став 3 е нагласено дека органи како дирекции, архиви, агенции и комисии можат да функционираат „како самостојни органи на државната управа“ или да се наоѓаат во состав на министерство. На пример, Агенцијата за квалитет во високото образование, како што е дефинирана со овој закон, е токму друг орган на државната управа со својство на самостоен орган, што е во согласност со оваа законска одредба. Исто така, член 5 (став 5 и став 6) предвидува дека управни организации (кои вршат посебни стручни задачи – на пр. заводи, институти и слично) се основаат како самостојни органи. Законот појаснува дека во состав на министерствата може да се основаат тела за одредени „управни, стручни и други работи“, што покажува дека терминолошкиот поим „стручен орган“ се користи токму за да означи специјализирана природа на работењето. Согласно овие одредби од Законот за организација и работа на органите на државната управа, структурата воспоставена со член 45 став 1 од Законот за високото образование(*) (агенција – самостоен орган) е типичен пример на орган со експертска/стручна функција, која законодавецот е овластен да ја уреди со обичен закон.

Терминот „стручен орган“ и неговата природа
Терминот „стручен“ упатува на тоа дека органот треба да располага со специјализирано знаење и експертиза за да ја врши својата задача. Ниту Уставот ниту општите закони не содржат ограничување или забрана за користење на ваков опишен назив. Напротив, Законот за организација и работа на органите на државната управа експлицитно ја споменува стручната компонента кога зборува за задачи кои се надвор од општинскиот ресор. Така, член 5 став 5 од Законот за организација и работа на органите на државната управа одредува дека „органите во состав на министерствата можат да се основаат за вршење на определени управни, стручни и други работи од надлежност на министерството“. Од оваа одредба произлегува дека законодавецот смета за сосема вообичаено и оправдано да постојат органи кои ќе вршат „стручни“ работи – односно работи кои бараат примена на експертски знаења или методологии. Кога законодавецот ја нарекува Агенцијата за квалитет „стручен орган“, тој едноставно го дефинира карактерот на нејзината работа (контрола и обезбедување на квалитетот во високото образование) како научно-стручен процес. Ова воопшто не е спротивно на било кој уставен принцип или правен поим – напротив, го хармонизира Законот со логиката на постојни регулативи кои дозволуваат организации со експертски карактер.

Имајќи предвид дека член 45 став 1 од Законот за високото образование(*) е усогласен со член 8 и член 95 од Уставот на Република Северна Македонија и со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување уставност на: I. Делот „стручен" од член 45 став 1 од Законот за високото образование (*)(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19, 178/21 и 58/24 и 124/25) и II. Поднасловот „Агенција за квалитет во високото образование" и насловот ,,АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ на Одделот 3 од Глава петта заедно со членот 45 став 1 од Законот за високото образование(*) („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/19, 178/21, 58/24 и 124/25), односно да донесе решение за неповедување на постапка по предметната иницијатива.

## Точка 40

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.79/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста член 2 од Правилникот за времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита, како и Правилникот во

целина („Службен весник на Република Македонија" бр.126/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.277/23 и 229/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 2 од Правилникот за времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секударно и терцијарно ниво на здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/23 и 229/25), како и на Правилникот во целина:

„Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата нема болничка здравствена заштита за соодветната специјалност, се вршат со времетраење дадено во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на секундарно ниво на здравствена заштита, се вршат со времетраење дадено во Прилог број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на терциерно ниво на здравствена заштита, ќе се вршат со времетраење дадено во Прилог број 3, кој е составен дел на овој правилник.

Специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема, ќе се даваат со времетраење дадено во Прилог број 4, кој е составен дел на овој правилник “.

Според подносителот на Иницијативата оспорениот Правилник е донесен согласно член 39-а став (8) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), кој гласи:

„(8) Времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативни услуги со користење на медицинска опрема, утврдени врз основа на видот на специјалноста на здравствениот работник кој ја дава специјалистичко-консултативната услуга, видот на медицинска опрема, како и нивото на здравствена дејност кое го врши здравствената установа, го утврдува министерот за здравство, по добиено мислење од Лекарската комора, односно од Стоматолошката комора.“.

Во член 2 од оспорениот Правилник, според подносителот на Иницијативата, се прави подвојување на времетраењето на прегледот помеѓу „Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата нема болничка здравствена заштита за соодветната специјалност" и „Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на секундарно ниво на здравствена заштита", како и „Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на терциерно ниво на здравствена заштита".

Според подносителот на Иницијативата „За разлика од Законот за здравствената заштита, Законот за здравствено осигурување е тој што ги определува и пропишува правата на

здравствените осигуреници како и правилата по кои ќе се остваруваат правата од задолжителното здравствено осигурување, како и други прашања определени со тој пропис, не воспоставува ограничувања во однос на тоа колку ќе траат прегледите во зависност од тоа како е определено, односно пропишано со членот 2 од Правилникот како во воведот на оваа иницијатива и не прави подвојување на правата во однос на примарна, секундарна или терциерна здравствена услуга кога тоа користење на истите треба да дојде од страна на здравствениот осигуреник. Вака определено како во оспорениот член 2 од Правилникот како во воведот на оваа иницијатива, се доведува во прашање социјалниот карактер на Републиката содржан како во членот 1 став 1 како и членот 34 од Уставот, а посебно што правата од социјалната заштита се пропишуваат со Закон или Колективен договор.“.

Исто така, според подносителот на Иницијативата „Подзаконскиот акт кога тоа е определено со Закон, се носи заради (до)разработување на Законот меѓутоа, тоа (до)разработување треба да е во рамките на со Устав и закон дозволеното, водејќи сметка да пропишувањето на одредби во подзаконскиот акт треба да ја имаат својата основа во Законот. Кога станува збор за остварување на начинот на правата на граѓаните без оглед дали станува збор за права од социјалната заштита или било кое друго право кое го гарантира Уставот, за потребно е параметрите врз основа на кои со подзаконскиот акт се пропишуваат услови, начини, висина, па дури и времетраење на прегледите како со конкретниот Правилник оспорен во целина како под II од воведот на оваа иницијатива, за потребно е во законот како повисок акт и според тоа посилен во правото и правниот промет наспрема подзаконскиот акт, да во себе законот содржи параметри и критериуми врз основа на кои би се пропишувало траењето на остварување на едно право или користење на истото, во спротивно, а во отсуство на такви параметри и критериуми во Законот, со подзаконскиот акт може да дојде до арбитрерно пропишување на одредби кои не нужно би означувало дека основата ја имаат во законот, а кое нешто не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Дополнително што, оспорениот Правилник е донесен според членот 39-а став 8 од Законот за здравствената заштита, а погоре цитиран и во која одредба не се содржи овластување за донесување на таков подзаконски акт и кое нешто, не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот како и не е во согласност со членот 39-а став 8 од Законот.“.

Имајќи предвид дека оспорениот Правилник е донесен согласно член 39-а став (8) од Законот за здравствената заштита со кој се утврдува законска надлежност министерот за здравство да донесе Правилник со кој ќе го уреди времетраењето на прегледите во специјалистичко - консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативни услуги со користење на медицинска опрема, утврдени врз основа на видот на специјалноста на здравствениот работник кој ја дава специјалистичко-консултативната услуга, видот на медицинска опрема, како и нивото на здравствена дејност кое го врши здравствената установа и согласно ова овластување министерот за здравство го донел Правилникот за времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секударно и терцијарно ниво на здравствена заштита, јасно е дека се неосновани наводите на подносителот на Иницијативата, дека немало законски основ за донесување на оспорениот Правилник и дека немало законоски основ за подвојување на правата во однос на примарна, секундарна или терциерна здравствена услуга.

Исто така, во однос на наводите на подносителот на Иницијативата дека требало во законот да бидат предвидени условите и времетраењето на прегледите, а во Правилникот само да се доразработат, треба да се има во предвид дека во законот се утврдени условите и тоа се: видот на специјалноста на здравствениот работник кој ја дава специјалистичко-консултативната услуга, видот на медицинската опрема, како и нивото на здравствена дејност и согласно тие услови е определено и времетраењето на прегледите.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 2 од Правилникот за времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секударно и терцијарно ниво на здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/23 и 229/25), како и Правилникот во целина, е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 од Правилникот за времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секударно и терцијарно ниво на здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 126/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.277/23 и 229/25), како и Правилникот во целина.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.197/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 21 - б став 2 во делот „Советот од ставот 2 на овој член од реченицата прва и „Советот“ од реченица втора на член 21 – б став, член 21 – б став 4 во делот „Советот", член 21 – б став 5 во делот „Советот за верификација од ставот 2" и член 21 – к став 3 во делот „Советот за спортот" од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.98/19, 244/19, 53/24, 170/24 и 59/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 21-б став 2, 3, 4 и став 5 и член 21-к став 3 од Законот за спортот, од причини што оспорените одредби не се во согласност со начелото на владеење на правото како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Во Иницијативата е наведено дека членот 25 од Законот за спортот, со кој беше востановен Советот за спортот не е повеќе дел од правниот промет сметано од 15.8.2024 година, а со тоа и како тело Советот за спорт повеќе не постои. Така определено доведува до забуна во примената на оспорените делови кој се наведени и во одредбите од воведот на Иницијативата.

Одредбите што го иницирале оценувањето на уставноста се член 21-б од Законот за спортот:
„(2) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува Советот за спорт од членот 25 од овој закон.

(3)Советот од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практичните примери за испитот најмалку еднаш годишно. При ревизијата советот особено ги има предвид промените на практиката и стандардите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите од ставот (1) на овој член.

(4)Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случај, Советот одлучува најмалку 30% од прашањата и студиите на случај да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базите од членот 21-ѓ од овој закон.

(5)Научните работници од ставот (1) на овој член и членовите на советот за верификација од ставот (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.".

Член 21- к од Законот за спортот:
„(3) Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот формира комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која членуваат еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, еден претставник од Советот за спорт, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и еден претставник на Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).".

Во врска со наводите на Иницијативата ќе се преземат активности со цел измени на Законот за спортот со цел усогласување на правната регулатива во државата.

Врз основа на наведеното, се смета дека предметната Иницијатива е основана и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 21-б став 2 во делот „Советот од ставот 2 на овој член од реченицата прва и „Советот" од реченица втора на член 21 – б став, член 21 – б став 4 во делот „Советот", член 21 – б став 5 во делот „Советот за верификација од ставот 2" и член 21 – к став 3 во делот „Советот за спортот" од Законот за спортот.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, Македонско здружение на млади правници – МЗМП Скопје, Здружение за поддршка на лицата што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.203/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 4, 9 и 10 став (1) од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителите на Иницијативата наведуваат дека со оспорените одредби од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25), повредени се член 8 став (1) алинеја 3, член 19 став (3) и (4) и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, член 1, член 2 став 4, член 7 и член 10 став (1) и (5) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), член 22 од Законот за правната положба на

црква, верска заедница и религиозна група („Службен весник на Република Македонија" бр.113/07), како и член 18 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права и член 9 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.

Во членот 1 од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25), кој е оспорен од страна на подносителите на Иницијативата, се уредуваат правата и обврските на средните училишта основани од верските заедници утврдени во Уставот, како и правата и обврските на нивните ученици заради проодност во високото образование.

Во однос на наводите од Иницијативата, според кои членот 1 од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25) е во директна колизија со една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, односно со принципот на владеење на правото, од причина што оспорената одредба бил контрадикторна со останатите закони кои го регулираат средното образование, законодавецот проценил дека нема правна пречка од донесување на овој закон и дека не постои директна колизија со принципот на владеење на правото, од причина што согласно член 7 од Законот за средното образование, во средното училиште е забрането секакво политичко и верско организирање и дејствување и не се дозволува организирање на верско образование.

Токму со членот 7 од Законот за средното образование е направена дистинкција помеѓу граѓанското и верското образование или одвоеност на државата и верските заедници во сферата на образованието, односно одредбите од овој закон се однесуваат само на општинските, државните и приватните средни училишта кои постојат во образовниот систем на Република Северна Македонија и на учениците кои се запишани во овие училишта. Додека пак, верското образование се остварува исклучиво и единствено во верските училишта што ги основаат црквите, верските заедници и религиозните групи и затоа основањето на верските училишта е уредено со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група (како lex specialis), со кој се уредува статусот и положбата на црквата, верските заедници и религиозните групи, а не со законите од областа на образованието.

Согласно горенаведеното, за разлика од учениците запишани во општинските, државните и приватните училишта кои образовниот систем ги препознава, учениците од верските средни училишта не беа препознати во образовниот систем на Република Северна Македонија и немаа никакви права и обврски, ниту проодност од средното верско образование во високообразовниот систем на Република Северна Македонија, со што е нарушено правото од членот 44 од Уставот на Република Северна Македонија, кој дава право секој да има право на образование и образованието е достапно на секого под еднакви услови.

Имено, членот 19 од Уставот на Република Северна Македонија ја гарантира слободата на вероисповеста и слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Во однос на наводите од Иницијативата, според кои членовите 9 и 10 став (1) од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25), директно задираат во принципот на секуларност предвиден со член 19 од Уставот на Република Северна Македонија, законодавецот со единствена цел да ги внесе во образовниот систем учениците од средните верски училишта, го донел Законот за училишта за средно образование на верските заедници, со кој се дава можност само со положена државна

матура и со стекната диплома за завршено средно верско образование, учениците од средните верски училишта да можат своето образование да го продолжат освен на високообразовните установи кои се основани од страна на верските заедници во Република Северна Македонија, туку и на останатите високообразовни установи во Република Северна Македонија, согласно условите утврдени со закон и конкурсите за запишување на студенти на високообразовните установи.

Имено, со Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25), законодавецот ја исполнува својата обврска да обезбеди право на образование на секого, како и право на религиозно образование на секого. Истовремено, ценејќи дека верското образование е исклучено од средното образование кое што се реализира во општинските и државните јавни средни училишта, законодавецот сметал дека постои потреба од дополнително уредување и регулирање на правата и обврските на средните верски училишта кои се основани согласно член 19 од Уставот, но посебно осврнувајќи се кон дополнително уредување и регулирање на правата и обврските на учениците од овие училишта, кои во образовниот систем на Република Северна Македонија не постојат, односно не постои никаква евиденција за нив.

Сепак, остварувањето на правото на учениците од верските средни училишта да полагаат државна матура е условено со исполнување на одредени услови од страна на верските заедници кои се основачи на верските средни училишта, односно истите треба да ги усогласат своите наставни планови и програми и за истите да добијат позитивно мислење од Бирото за развој на образованието, како и верификација од Министерството за образование и наука, за отпочнување со работа на училиште за средно образование на верска заедница.

Согласно горенаведеното, со оспорените членови од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25), не се повредуваат член 8 став (1) алинеја 3, член 19 став (3) и (4) и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, член 1, член 2 став 4, член 7 и член 10 став (1) и (5) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), член 22 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Службен весник на Република Македонија" бр.113/07), како и член 18 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права и член 9 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, Македонско здружение на млади правници – МЗМП Скопје, Здружение за поддршка на лицата што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.203/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 4, 9 и 10 став (1) од Законот за училишта за средно образование на верските заедници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.160/25).

**Точка 43**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.42/25 од 22 октомври 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 20-а став 3 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република

Македонија" бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/2015, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25) и притоа го утврди следново мислење:

Во член 20-а став (3) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23 и 59/25) стои:
„Зголемувањето на основната плата и додатокот на плата за ниво од ставовите (1) и (2) на овој член, нивната висина и начинот на утврдување се уредуваат со Колективен договор или подзаконски акт донесен од Управниот одбор на Дирекцијата, а средствата покрај тоа што се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, може да се обезбедат и од сметката за самофинансирачки активности на Дирекцијата.”.

Во член 32 во Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека:

„Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.

Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка.

Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.“.

Со напред наведеното се укажува дека со член 20-а став 3 од Законот се дава можност за дополнително уредување на платите како исклучок од систем на плати, кој е уреден со закон и колективен договор, а кој се применува за вработените во Дирекцијата. Овој исклучок за уредување на платите е поповолен и е во согласност со принципот на поповолност на одредено право од работен однос кое може освен со закон да биде уреден и со колективен договор или на друг начин предвиден со закон.

Комплементарно, ако во Уставот, во член 32 е уредено дека, секој вработен има право на соодветна заработувачка, тогаш јасно се заклучува дека споменатиот член 20-а став (3) доследно го запазува принципот на соодветна заработувачка според видот на работното место, сложеноста на работните задачи, потребните работни вештини кои се бараат за вработените во Дирекцијата, принципот на поповолност на уредување на правата од работен однос од законот, колективниот договор или друг начин предвиден со закон како што е во конкретниот случај.

Согласно горенаведеното, се смета дека оспорениот член 20-а став (3) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија бр.14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 172/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23 и 59/25) е во согласност со членовите 8, 32 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.42/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пехчево бр.42-822/1 од 16.2.2016

година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 31/16 и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пехчево бр.42-822/1, донесена на 16.2.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 31/16, врз основа на член 91 став (1) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13, 44/15, 193/15 и 226/15) со која се утврдува дека „Општината Пехчево ќе врши работи за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кое се наоѓа на нејзиното подрачје согласно исполнетите услови од член 89 од Законот за градежно земјиште.".

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека оспорената Одлука е донесена врз основа одредби од пропис кој не е во правниот промет сметано од 9.1.2016 година, а самата оспорена Одлука е донесена на 16.2.2016 година.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека оспорената Одлука е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно е спротивна на начелото на владеење на правото, како и на членот 51 од Уставот каде е предвидено дека „Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.".

Во Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15), донесен на 2.2.2015 година, со членот 142 е предвидено дека „Со денот на отпочнување на примената од овој закон престанува да важи Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/11, 53/11, 25/13, 137/13 и 163/13)", а со членот 144 од истиот закон е предвидено дека „Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2015 година".

Со членот 2 од Законот за изменување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/15) е предвидено, датумот „1 јули 2015 година" да се замени со датумот „1 јануари 2016 година", што значи дека Законот за градежно земјиште започнал да се применува од 9 јануари 2016 година.

Додека со членот 3 од Законот за изменување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 226/15) е предвидено, датумот „1 јануари 2016 година" да се замени со датумот „1 август 2016 година", односно примената на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15 и 193/15) да започне од 1 август 2016 година, а неговото стапување на сила од 9 август 2016 година.

Оттука, имајќи предвид дека Одлуката е донесена на 16 февруари 2016 година, а притоа имајќи ги предвид членовите 142 и 144 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15), членот 2 од Закон за изменување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/15) и членот 3 од Законот за изменување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 226/15), каде рокот за примена на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15 и 193/15) се продолжува до 1 август 2016 година, а со тоа и важењето на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13, 44/15, 193/15 и 226/15), врз основа на кој е донесена предметната одлука, Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пехчево бр.42-822/1, донесена на 16.2.2016

година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 31/16, е важечка и донесена согласно законот кој имал правна сила.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорената Одлука е донесена согласно одредбите од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13, 44/15, 193/15 и 226/15) и истата е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пехчево бр.42-822/1, донесена на 16.2.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/16), како неоснована.

**<u>Точка 45</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија - Скопје, Дебарско - кичевска православна епархија - Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.172/2025, за оценување на уставноста на член 35 став 2 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21, 111/23 и 208/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.258/25), во членот 7 се врши измена на член 35 од Законот за експропријација и истиот сега гласи:

„(1) По барање на предлагачот на експропријацијата или на сопственикот на недвижноста која била експроприрана, ќе се поништи правосилното решение за експропријација, во целост или делумно, ако поради измена на урбанистичко-планската и проектната документација или истек на рокот за изградба согласно со Законот за градење, нема да се реализира целта поради која била извршена експропријацијата.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член поранешниот сопственик на експроприраната недвижност или предлагачот на експропријацијата може да го поднесат во рок од пет години од измената на урбанистичко-планската и проектната документација или по истекот на рокот за изградба, согласно со Законот за градење.

(3) За поништување на решението за експропријација од ставот (2) на овој член, одлучува органот за експропријација.

(4) Во случај кога во постапката за експропријација е постигната спогодба од членот 30 или членот 47 од овој закон, по барање на сопственикот на експроприраната недвижност или на предлагачот на експропријацијата во роковите од ставот (2) на овој член, постигнатата спогодба, во целост или во дел може, да се раскине.

(5) По барањето од ставот (4) на овој член, органот за експропријација закажува расправа за спогодбено раскинување на спогодбата, која може да заврши со спогодба за раскинување на спогодбата постигната во постапката за експропријација или со решение за одбивање на барањето, доколку на расправата не се постигне спогодба за раскинување на спогодбата постигната во постапката за експропријација.

(6) Спогодбата од ставот (5) на овој член се внесува во записник, кој ги содржи сите податоци неопходни за исполнување на обврските на предлагачот на експропријацијата и на сопственикот

на недвижноста во поглед на соодветната недвижност, надоместокот кој бил примен за експроприраната недвижност, како и рокот за враќање на надоместокот кој бил исплатен на поранешниот сопственик.

(7) Спогодбата е склучена кога двете страни ќе го потпишат записникот. Спогодбата има својство на извршна исправа и истата е основа за промена на правото на сопственост во Катастарот на недвижности.

(8) Во случај на поништување на решението за експропријација или раскинување на спогодбата за експропријација со која е утврден надоместокот, надоместокот се решава во постапка за определување на надоместокот предвидена со овој закон.

(9) Во случај кога барањето за поништување на решението за експропријација се однесува на решение за експропријација за кое пред надлежниот суд постапката за определување на надоместок не е правосилно завршена органот за експропријација по службена должност го известува судот за поднесеното барање за поништување на решението за експропријација.".

Имајќи го предвид Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.258/25), се смета дека е беспредметна Иницијативата од Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија - Скопје, Дебарско - кичевска православна епархија - Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.172/25, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 35 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21, 111/23 и 208/24), поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 38 алинеја 3 и член 73 алинеја 3 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.115/24), да донесе решение со кое истата ќе ја отфрли.

## Точка 47

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.163/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 39 став 1 во делот ,,пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка" од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 53/11, 51/15 и 149/15) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 39 став 1 од горе цитираниот закон. Имено, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби на член 39 став 1 од овој закон се во спротивност со одредбите на член 8 став 1 алинеа 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со погоре наведеното Владата смета дека наводите во доставената Иницијатива се неосновани од следните причини:

Првично при оценувањето на наводите од Иницијативата потребно е да се цени одредбата од член 31 од наведениот закон, согласно која стручниот надзор над извршувањето на работите од хидрометеоролошката дејност од страна на физичките и правни лица од членовите 10 и 11 го врши Управата. Оттука, неспорно дека овие овластени лица кои вршат стручен надзор се всушност самата Управа бидејќи при вршењето на стручниот надзор тие лица не постапуваат самостојно и во свое име, туку дејствуваат во рамки, во име и за сметка на Управата.

Во таа смисла се смета дека овластените лица при вршење на стручниот надзор констатираат прекршок и преземаат дејствија согласно член 39 од Законот, при што тие не постапуваат самостојно и поединечно како физички лица, туку како службени лица кои извршуваат доверена задача на Управата и затоа ноторно е дека нивното постапување е само и единствено во име и за сметка на Управата. На тој начин овие лица постапуваат и при преземање на дејствијата од наведениот оспорен член и тоа во име и за сметка на Управата со овластување утврдено од Управата сè до користење на службен печат.

Повикувањето на одредбата од член 38 во Иницијативата, која регулира дека директорот по службена должност поднесува барање за прекршочна постапка, се истакнува дека истиот како раководно лице во име и за сметка на органот Управата, постапува, презема дејствија и ја застапува пред трети лица. На овој начин формалното поднесување на барањето е во рамките на неговото овластување и исто како претходно изнесеното за оспорениот дел од член 39 и ова постапување не претставува самостојно или произволно овластување на директорот, туку е дел од законски утврдениот делокруг на надлежности на овластениот орган.

Наведеното толкување за иницијаторите на прекршочна постапка е во тесна поврзаност и е во согласност со одредбите од општиот „lex generalis", Закон за прекршоците кој што како општ закон ја регулира прекршочната постапка. Согласно овој закон прекршочната постапка се поведува по барање на овластен орган како институција а не по барање на конкретно службено лице како физичко лице, иако дејствијата и доверените овластувања се извршуваат од страна на тие службени лица.

За појаснување на наведеното, одредбите од член 46 став 1 од Законот за прекршоци кои експлицитно утврдуваат дека овластените службени лица преземаат дејствија како констатирање прекршок, составување записник и предлагање порамнување. Со понатамошната одредба во став 4 од истиот член е регулирано дека „Доколку сторителот не се согласи да му биде издаден прекршочен платен налог или со закон не е пропишано издавање на прекршочен платен налог, истото ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок, а овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд односно прекршочен орган".

Неспорно дека законодавецот овие одредби, како во член 46 став 4 од Законот за прекршоци, така и во член 39 став 1 од Законот за хидрометоролошка дејност ги пропишал на идентичен начин, со што недвосмислено се потврдува дека дејствијата на овластените службени лица се дејствија во име и за сметка на надлежниот орган.

Во прилог на наведеното е дека Законот за прекршоци предвидува можност јавниот обвинител по службена должност да поднесе барање за прекршочна постапка, што дополнително потврдува дека јавниот обвинител како иницијатор на прекршочна постапка не постапува како јавен обвинител самостојно, туку во рамките на институцијата како Јавно обвинителство.

Од наведеното следи дека овластените лица за стручен надзор, како и директорот постапуваат во име и сметка на Управата при иницирање на прекршочни барања, во никој случај нема мешање на надлежностите на функционерот на државниот орган, органот на управата или управната организација со овластените службени лица кои според закон се овластени да вршат контрола над работата на контролираниот субјект, поради што воопшто не е загрозена наведената темелна вредност на уставниот поредок, владеење на правото утврдено со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.
Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорениот член 39 став 1 од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), не е во спротивност со член 8 став 1 алинеии 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, односно е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна

Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Божидар Вангелов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишани во Имотен лист бр.133 и Имотен лист бр.904, за КО Нов Дојран, на КП бр.1956, викано место/улица „Нов Дојран“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за култура и туризам - Управа за заштита на културното наследство.

**Точка 49**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 март 2026 година, ја разгледа Понудата од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.690/2024, за право на првенствено купување имот, каде како сопственик на земјиште се јавува Република Северна Македонија, запишан во Имотен лист бр.95087, за КО Охрид 2, на КП.бр.11189/1 и КП.бр.11203/1, викано место/улица „7 Ноември“, и по Понудата ги усвои мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 50**

Владата го разгледа Акцискиот план за реализација на препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност – „Безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Акцискиот план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија (Сметка - Основен буџет (660)), за квартал јули-септември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар за 2025 година, со Годишен финансиски извештај за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јули 2025 до 30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 54**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за третиот квартал од 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје за периодот 1 јули – 30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 56**

Владата ги разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за периодот април – јуни 2025 година и Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за периодот јули – септември 2025 година, како материјали за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 58**

1. Владата ја донесе Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

2. Владата ја разреши Амире Јакупи-Кадри, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт.

3. Владата ја именува Амире Јакупи-Кадри, за директор на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Дејан Богојевски, од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност.

5. Владата го именува Дејан Богојевски, за директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Оливер Ивановски, од должноста вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

7. Владата го именува Оливер Ивановски, за директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го разреши Шенаси Точи, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

9. Владата го именува Шенаси Точи, за заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука, на предлог на министерот за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го именува Харис Ибраими, за директор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, досегашен вршител на должноста директор на Установата.

11. Владата го разреши Сељатин Бељули, од должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија Скопје, на негово барање.

12. Владата го именува Аднан Ејуп, за директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија Скопје, на предлог на министерот за економија и труд.

13. Владата ја именува Елена Илиеска, за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа -Крушево од Советот на општината.

14. Владата ја разреши Снежана Трајкова, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево од Советот на општината.

14.1. Владата ја именува Сузана Петровска, за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево од Советот на општината.

15. Владата го разреши Кујтиме Зеќири, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово, стручен работник од Центарот за социјална работа.

15.1 Владата ја именува Небахат Имери, за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово, стручен работник од Центарот за социјална работа.

16. Владата го разреши Сашко Наков од ДПТУ БАУМЕР ДООЕЛ Скопје, од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, од редот на корисниците на технолошките индустриски развојни зони.

16.1 Владата ја именува Соња Стефановска од ДПТУ БАУМЕР ДООЕЛ Скопје, за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, од редот на корисниците на технолошките индустриски развојни зони.

17. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви нови решенија за утврдување коефициенти за пресметување на плата на сите именувани лица кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, согласно новата Одлука за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, кои да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

18. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од

граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

19. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на директор на Државен инспекторат за локална самоуправа.

20. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на заменик -директор на Воспитно поправен дом Тетово.

## Точка 59

**1.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за социјална политика, демографија и млади за изменување на заклучокот бр.3, Точка 82: „Информација за организација на Регионална конференција на министерско ниво со наслов „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност согласно потребите на луѓето" во соработка со Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 февруари 2026 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, согласно потребата, да обезбеди превоз за учесниците и да ги покрие трошоците за една свечена вечера.".

**2.** Во врска со актуелната состојба на Блискиот Исток и потребата од евакуација на македонските граѓани, затекнати на подрачјето на овој регион, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да спроведе постапка со преговарање без објава на оглас за јавна набавка на услуги за закуп на авион за превоз и евакуација на македонските државјани од Регионот зафатен со воени дејствија согласно член 55, став 1, точка г) и член 55, став 6 од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/21 и 14/25).

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства во Буџетот на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за реализација на договорот за јавна набавка на услуги за закуп на авион за превоз и евакуација на македонските државјани од Регионот зафатен со воени дејствија.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го стави на располагање владиниот авион за евакуација на помали групи македонски граѓани (до 7 лица).

**3.** Владата го разгледа Барањето за бришење на заклучоците со реден број 14 и 15, точка 1: Информација за степен на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028), за декември 2025 година и јануари 2026 година од Извадокот од Нацрт – записникот од Сто четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година и притоа заклучи, во заклучокот со реден број 14, да се

избрише обврската на Министерството за финансии, во делот на формирање на работни групи, а заклучокот со реден број 15 да остане.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Основното училиште со ресурсен центар д-р Златан Сремец – Скопје.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за обврската за зголемување на користењето на Електронскиот пазар за набавки од мала вредност согласно со Реформската агенда во рамките на Планот за раст и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за обврската за зголемување на користењето на Електронскиот пазар за набавки од мала вредност согласно со Реформската агенда во рамките на Планот за раст.

2. Се препорачува на сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, постапките за јавни набавки од мала вредност до 10.000 евра за набавка на стандардизирани стоки за кои постојат каталози на е-Пазарот, да ги спроведуваат преку Електронскиот пазар за набавки од мала вредност.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за барање на WBIF Грант за техничка помош за изготвување на техничка документација за имплементација на наодите од „Студијата за прилив и инфилтрација“ (In-flow and Infiltration Study) во канализационата мрежа на Град Скопје како обврска од проектните договори во Проектот за „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје“, со План за реализација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Град Скопје и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје да поднесат апликација за обезбедување на средства за ангажирање на Консултант за техничка помош кој ќе работи на анализа на наодите од изработената студија и ќе изработи потребна техничка документација неопходна за натамошна имплементација. За дел од посочените критични мерки кои опфаќаат поголеми реони од Градот, како и за среднорочните мерки, ќе биде потребно да се изработи Студија за изводливост (Feasibility Study), додека за помалите и поедноставни за изведба приоритетни зафати ќе треба да се изработат Основни проекти и тендерски документации за изведувач и за надзор на изградбата.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно да земе улога на одговорно министерство за поднесување на апликацијата за барање на техничка помош од ВБИФ.

3. Се препорачува на Град Скопје (во улога на сопственик на Јавното претпријатие "Водовод и канализација“ - Скопје) и на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје да бидат имплементатори на проектот.

4. Се задолжува Министерството за финансии во рок од три (3) дена од добивање на апликацијата за WBIF Грант за техничка помош за изготвување на техничка документација за имплементација на наодите од „Студијата за прилив и инфилтрација“ (Inflow and Infiltration Study) во канализационата мрежа на Град Скопје како обврска од проектните договори во проектот за „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води на Град Скопје“, да подготви

Писмо за поддршка за апликацијата и да го проследи до НИПАК/Министерството за европски прашања и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за предавање на недвижност во владение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (за изградба на објект од јавен интерес брана Конско).

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со африканска чума кај свињите, ја усвои и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство со Министерството за финансии итно да изнајдат решение за обезбедување на финансиските средства за Агенцијата, за исплата на обврските за земање и испраќање на примероци и трошоците за дезинфекција и дезинсекција кон ветеринарните друштва, дијагностичко испитување на африканска свинска чума кон Факултетот за ветеринарна медицина и надомест за убивање и еутаназирање на животните, кон сопствениците на животните.

**Точка 65**

Владата го разгледа Бизнис планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2026 година, со предлог – одлуки и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Бизнис-планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје за 2026 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на на Бизнис-планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје за 2026 година,

со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2026 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 67**

Владата го разгледа Барањето за итна поддршка поради ризик од одрон на камења на влезот во селото Горно Косоврасти - Дебар, го прифати Барањето и укажа на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, да стапи во контакт со Општина Дебар, со цел да се изврши обезбедување на критичното место, на кое постои ризик од одрони.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Првата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република и притоа ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Информацијата за одржување на Првата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република.

2. Го именува м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, за копретседавач на Македонскиот дел на Мешовитата комисија за одржување на Првата седница по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република, на 26-27 март 2026 година во Братислава.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини до 10 март 2026 година да достави предлог теми и номинација на претставник до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, за учество на Првата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република.

4. Се задолжува Министерството за одбрана до 10 март 2026 година да достави номинација на претставник до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, за учество на Првата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачката Република.

5. Се задолжува Министерството за одбрана до 10 март 2026 година да го извести Министерството за надворешни работи и надворешна трговија дали се согласува со предлог темата од словачката страна - Зајакнување на соработката во областа на одбраната, како и развој и промовирање на соработката во областа на вооружувањето и одбранбената индустрија во согласност со релевантното национално законодавство и прописите на државите.

**Точка 69**

Владата ја симна од Дневен ред Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2026 година, со Предлог-одлука, имајќи предвид дека Одлуката за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2026 година е донесена од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, имајќи предвид дека истиот е повлечен од предлагачот.

**Точка 71**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата за трансфер на средства од редовната сметка на Министерството за европски прашања кон донаторската сметка на проектот Поддршка на управувањето со ЕУСАИР за подобрена соработка (ЕУСАИР механизам за поддршка) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за европски прашања да ги преземе неопходните дејствија согласно важечките буџетски прописи за трансфер на финансиски средства од расположливите буџетски средства на Министерството за европски прашања Програма М, Потпрограмата МА - Помош при транзиција и институционална надградба, Расходна ставка 425 (договорни услуги) кон донаторската сметка на проектот „Поддршка на управувањето со ЕУСАИР за подобрена соработка (ЕУСАИР механизам за поддршка)“, Сметка 0400960178785Е0, Потпрограма 20, Расходна ставка 426 (други тековни расходи) за потребите на организирање на Годишниот форум на макро-регионалната Стратегија на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион (ЕУСАИР).

2. Се задолжува Министерството за финансии да овозможи трансфер на финансиски средства од расположливите буџетски средства на Министерството за европски прашања, Програма М, Потпрограмата МА - Помош при транзиција и институционална надградба, Расходна ставка 425 (договорни услуги) кон донаторската сметка на проектот „Поддршка на управувањето со ЕУСАИР за подобрена соработка (ЕУСАИР механизам за поддршка)“, сметка 0400960178785Е0, Потпрограма 20, Расходна ставка 426 (други тековни расходи) за потребите на организирање на Годишниот форум на макро-регионалната Стратегија на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион (ЕУСАИР).

**Точка 72**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за определување на институциите чии претставници се дел од работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

Истовремено, Предлог-одлуката да се дополни со претставник од Министерството за дигитална трансформација во работната група за административните капацитети и критериуми за пристапување во Европската Унија“.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за откажување на Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино, издадена на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија бр.41-11532/3 од 12.11.2024 година.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.